# ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИ РОМИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКТИВНОСТА ТУТОРСТВО

Во рамките на
проектот:
„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за ПРИЈАВУВАЊЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИ РОМИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКТИВНОСТА ТУТОРСТВО. Пријавените и селектирани лица ќе бидат подучувани, мотивирани и насочувани за успешно транзитирање на средношколците во следната учебна година или за полагање на државна или училишна матура, во период од  Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци), преку индивидуална туторска програма подготвена од страна на туторот и средношколецот/туторираниот.

**Опис на активноста туторство**

Туторството претставува можност за средношколците Роми да соработуваат и бидат туторирани од страна на тутор кој ќе им помогне за успешно транзитирање во следната учебна година или за полагање на државна или училишна матура, а со тоа и завршување на средното образование. Временската рамка за реализирање на туторските средби е од Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци).

Во рамките на проектот „Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“ е предвидено туторирање на 10 средношколци Роми за што е потребно ангажирање на најмногу 10 лица (тутори) кои треба да работат со најмногу двајца средношколци.

Туторството е дополнителна академска помош и поддршка за средношколците Роми преку одржување на индивидуални часови на туторот и ученикот за одреден наставен предмет за договорени наставни содржини, во договорени датуми, времетраење и место на одржување.

Целта на туторството е да им помогне на средношколците Роми успешно да ги совладаат знаењата и да ја поправат оценката по одреден предмет по кој имаат одредени потешкотиии во совладувањето на материјалот за да транзитираат во следната учебна година или да положат државна или училишна матура, со цел успешно завршување на средното образование. Дополнително, една од стратешките цели на оваа активност е да им помогне на учениците Роми успешно да го завршат средното образование и да се запишат на факултет. За еден наставен предмет треба да се одржат најмалку 8 туторски часови месечно (1 час = 45мин).

Пријавените тутори ќе бидат регистрирани во базата на тутори за академската 2023/2024 година и ќе бидат понудени за туторски ангажман во текот на академската 2023/2024

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union

година само доколку учениците Роми во нивното барање за туторство не предложат тутор или нивниот предложен тутор не ги исполнува условите за тутор.

**Учесници во активноста туторство може да бидат:**

Ученици Роми запишани во јавните средните училишта во Република Северна Македонија.

**Потребни Документи и начин за пријавување за учество во активноста менторство**

Пополнета ПРИЈАВА ЗА ТУТОРСТВО испратена најдоцна до 17 Март 2024 на kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

This Project is funded by the European Union

# ПРИЈАВА ЗА ТУТОРСТВО

Име и презиме: ___________________________________________

Возраст: _________________________

Општина на живеење: _________________________

Училиште: ___________________________________________

Година на образование: _________________________

Меил: ___________________________________________

Контакт телефон: _________________________

Имам потреба од туторство за (стави X):

- ☐ Помош за совладување на материјалот по предметот ________________________
- ☐ Помош за полагање на државна матура по предметот ________________________
- ☐ Помош за полагање на училишна матура по предметот ________________________

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union